Completing Absentee Notes and Notices

# Пополнување на белешки и известувања за отсуствување од училиште

## Информации за родители и старатели

Важно е да го известите училиштето ако вашето дете мора да отсуствува од училиште и да доставите причина за отсуствувањето.

Директорите на училиштата се законски одговорни да водат точна евиденција за присуствувањето на учениците на наставата.

Директорите исто така се одговорни да одлучат дали доставената причина за отсуствување од наставата е оправдана.

Кога е можно, родителите и старателите се поттикнуваат да достават објаснување за отсуствување од наставата пред тоа да се случи.

Директорот на училиштето има право да ги испитува барањата на родителите нивното дете да отсуствува од наставата. Директорот исто така може да го испитува било кое објаснување кое е доставено за отсуствување на дете од училиште.

За да го објаснат отсуствувањето, родителите и старателите може:

- да испратат писмо, факсимил или известување преку електронска пошта во училиштето
- да телефонираат, или
- заради родендени

### Двојазични белешки за отсуствување од училиште

Постојат три двојазични белешки за отсуствување од училиште кои може да ви помогнат да го известите училиштето кога вашето дете ќе отсуствува од наставата.

Absentee note 1 (Белешка за отсуствување од училиште бр.1) треба да се користи кога детето отсуствува од училиште 1 цел ден.

Absentee note 2 (Белешка за отсуствување од училиште бр. 2) треба да се користи кога детето отсуствува од училиште повеќе од 1 ден.

Absentee note 3 (Белешка за отсуствување од училиште бр. 3) треба да се користи кога детето отсуствува од училиште дел од денот.

### Известувања за отсуствување од училиште

Ако во училиштето не добијат објаснување зошто детето отсуствувало од наставата, тогаш може да ви испратат Absentee Notice (Известување за отсуствување од училиште).

Директорите го користат Absentee Notice за да ги контактираат родителите во рок од два дена откако детето без објаснување отсуствувало од училиште. Absentee Notice мора да се пополни на англиски јазик и да се врати на училиште во рок од седум школски дена и треба да ја содржи причината за отсуствувањето од наставата.

### Пополнување на поединостите за отсуствувањето од училиште

Во некои делови од белешките и известувањата за отсуствување од вас се бара да доставите поединости зошто вашето дете отсуствувало од училиште цел ден или дел од денот.

За да можат во училиштето да ги разберат причините кои ќе ги напишете, овие делови треба да ги пополнете на англиски јазик. Во оваа брошура се дадени можните причини и истите се преведени на англиски јазик за да можете да ги копирате во формуларите, ако тоа важи за вас.

Ако имате проблеми со разбирањето на белешките и известувањата за отсуствување од училиште или при пополнување на поединостите, можете да телефонирате во училиштето за да им ја објаснете причината зошто вашето дете отсуствувало од наставата. Ако телефонирате во училиштето, тогаш не е потребно да ја пополните и писмената белешка.

### Телефонската преведувачка служба

Ако ви треба преведувач за да ви помогне да телефонирате во училиштето на вашето дете, ве молиме, јавете се во Телефонската преведувачка служба на 131 450 и побарајте да зборувате со преведувач на вашиот јазик. Преведувачот ќе телефонира во училиштето и ќе остане на линија за да ви помогне при разговорот. За оваа услуга нема да ви наплатат.

All content copyright
NSW Department of Education

## Можни причини за отсуствување од училиште

### Здравствени причини:

Грип

Стомачни болки

Пролив

Настинка

Главоболка/Мигрена

Силни болки

Треска

Скршена коска

Повраќање

Заразна болест, на пр. варичела

Крварење од нос

Астма

Исфрлање на кожата

Повреда

Закажан преглед на доктор

Закажан преглед на забар

Закажан преглед на оптометричар

Закажана физиотерапевтска средба

Закажан преглед кај специјалист

Друго – Ќе телефонирам во училиштето за да објаснам

### Семејни причини:

Погреб

Селење

Пристигнување или заминување на најблизок роднина од странство

Неизбежно вклучување во сериозен семеен инцидент

Друго – Ќе телефонирам во училиштето за да објаснам

### Други причини:

Несреќен случај и непредвидени настани на пр. пожар, поплава

Присуство на посебен настан, на пр. присуствување на верска прослава

Семеен одмор

Проблеми со превозот

Неизбежно доцнење

Друго – Ќе телефонирам во училиштето за да објаснам

## Possible reasons for absence

### Medical reason:

Flu

Stomach-ache

Diarrhoea

Cold

Headache/Migraine

Strong pain

Fever

Broken bone

Vomiting

Infectious illness eg chicken pox

Nose bleed

Asthma

Rash

Injury

Medical appointment

Dental appointment

Optometry appointment

Physiotherapy appointment

Specialist appointment

Other - I will telephone the school to explain

### Family reason:

Funeral

Moving residence

Arrival or departure of an immediate relative from overseas

Unavoidable involvement in a serious family incident

Other - I will telephone the school to explain

### Other reason:

Misadventure and unforeseen events eg fire, flood

Participation in special event, eg attendance at a religious ceremony

Family holiday

Transport difficulty

Unavoidable delay

Other - I will telephone the school to explain